Врз основа на член 24 став 1, алинеја 5, а во врска со член 147 став 3 точка д од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19, 153/19 и 92/21), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 22.03.2022 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна радиодифузна служба (фиксна) со евидентен број 110136 и радиодифузна служба со евидентен број 110137 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот ТРД Радио Лав ДООЕЛ, Иванчо Пашоски со адреса на ул.Живко Чинго бр.10-Охрид, поради неплатени надоместоци за користење на радиофреквенции.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации му издаде одобрениија за користење на радиофреквенции во фиксна радиодифузна служба (фиксна) со евидентен број 110136 и радиодифузна служба со евидентен број 110137 на ТРД Радио Лав ДООЕЛ, Иванчо Пашоски со адреса на ул.Живко Чинго бр.10-Охрид.

Поради тоа што ТРД Радио Лав ДООЕЛ, Иванчо Пашоски, не го платил надоместокот за користење на наведените радиофреквенции,согласно член 24 став 1,алинеја 5, а во врска со член 147 став 3 точка д од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14,188/14,44/15,193/15,11/18,21/18,98/19,153/19 и 92/21), директорот на Агенцијата за електронски комуникации по службена должност, донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Наш број Уп1-бр.0802-153
Скопје 05.04. 2022

Изработил: Раководител на одделение за управни работи
и наплата на побарувања
Зоран Минарков

Раководител на Сектор за правни работи
Дафина Пауновска

Раководител на Сектор за финансии
Владимир Велкоски

Раководител на Сектор за
радиокомуникации
Јане Јакимовски

Советник на директорот за правни
прашања
Бојана Стефановска

Советник на директорот за
радиокомуникации и контрола и
мониторинг на радиофреквенции
Игор Бојаџиев

Директор
Jeton Akiku

Доставено до:
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на
радиофреквенции
- Сектор за финансии
-странка